КОНЕКТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за 2014 година

Скопје, август 2015

## Прочитајте


I. За Конект ..... 2

II. Конект во 2014 низ бројки ..... 3

III. Филантропија ..... 5

За подобра законска рамка ..... 5

Паметно донирање со даночни ослободувања ..... 6

Градење на капацитетите на ГО ..... 7

Донаторски календар ..... 8

IV. Застапување за промени во даночната регулатива за ГО ..... 9

V. Унапредување на општествената одговорност ..... 10

Училишен проект на ЕВН Македонија ..... 10

Работилница за ООП и стандардот ISO 26000 ..... 11

Јавната политика и бизнис секторот ..... 11

VI. Бизнис што работи за општествено добро ..... 12

VII. Нов прирачник за основање бизнис и вработување ..... 12

VIII. Конект поврзува ..... 13

Посредување за партнерства и соработка со ГО ..... 13

IX. Го шириме кругот ..... 14

CSR Forum Belgrade ..... 14

X. Глобален договор на Обединетите нации ..... 15

Известување за вклученост ..... 15

# I. За Конект

Од јуни 2008, Конект посветено работи на промоција и поттикнување на филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата (ООП) насочено кон ефективен и долгорочен развој. Сметаме дека филантропијата и општествената одговорност не претставуваат само дистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој која нуди придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Веруваме дека Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат и преку донации, волонтирање и сопствена одговорност ќе придонесуваат за рамномерен и одржлив развој на заедниците. Веруваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Следствено, посветени сме кон развивање на одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Општествената одговорност на претпријатијата е неминовен начин на водење на бизнис кој обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме на луѓето насекаде низ Македонија да ги осмислат своите донации – и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме, поттикнуваме и поддржуваме општествената одговорност на претпријатијата.

Што правиме?

- директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции итн) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

Конект е:

- Секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации[1];
- Членка на Националниот совет за развој на волонтерството;
- Заменик член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Член на Локалната советодавна група на Проектот за техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО);
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[2];
- Членка на Американската стопанска комора во Македонија (AmCham).

## II. Конект во 2014 низ бројки

Во 2014 го зајакнавме капацитетот на **33** претставници на граѓански организации и **16** бизнис претставници. Координиравме проект што вклучи **552** ученици во **24** основни училишта од **20** општини. Продуциравме: **1** нова интернет страница; **1** истражување за кое го испитавме мислењето на **459** претпријатија и **144** граѓански организации; **1** прирачник за олеснето вработување и основање бизнис. Продуциравме материјал за **4** публикации. Организиравме **5** настани, а учествувавме на **3** меѓународни. Над **280** претставници на ГО и бизнис сектор учествуваа на наши обуки и настани. Мобилизиравме **22** здруженија да застапуваат. Јавно предложивме **12** идеи за донирање. Се стремиме кон повеќе ...




[1] United Nations Global Compact
[2] United Nations Industrial Development Organization




Погледнете го деталниот финансиски извештај на Конект за 2014 на следниов **<<ЛИНК>>**

# III. Филантропија

Кога ја поттикнуваме индивидуалната и корпоративната филантропија веруваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку која тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, нашата работа е насочена кон креирање на услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Се трудиме да допреме до корпоративните донатори, но и до индивидуалците и да покажеме дека и малите донации кога ќе се здружат знаат да направат промена. Во 2014 продуциравме систем за поддршка за корисниците на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, а работевме и на обмислување на концептот на паметно донирање кој во иднина интензивно ќе го комуницираме. Наш приоритет беше подлабоко да ја истражиме соработката помеѓу граѓанскиот и бизнис секторот и да го споделиме нашето знаење за граѓанските организации да бидат попривлечен и природен избор за донирање.

## За подобра законска рамка

Во комуникациијата со сите засегнати страни, во 2014 година Конект продолжи да ја истакнува потребата од дополнителни измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Увидовме дека од особено значење е и едукација на корпоративните и индивидуалните донатори за достапноста на даночни бенефиции.




Со поддршка на Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ) преку LEEP (Legal Enabling Environment Program) финансирана од УСАИД обмисливме и продуциравме комуникациски алатки што ќе ни помогнат да добиеме поширока поддршка во нашите напори за застапување во форма на кампања на социјалните медиуми. Во 2014 беше завршена продукцијата на две анимирани видеа. Првото е наменето за претпријатија и ги истакнува даночните бенефиции како важен мотив за донирање и потребата од законски измени со цел нивно полесно користење. Видеото за граѓани едуцира за придобивките од филантропијата и како насоченото донирање на мали износи може да направи промена.

Во рамки на проектот [Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на граѓанските организации] финансиран од ЕУ во 2014 се подготви Рамка за спроведување и следење на Законот за донации и спонзорства што вклучува: а) матрица во која е даден приказ на елементите и функциите на законот кои треба да се исполнети за ефективно спроведување со соодветни индикатори. Матрицата исто така содржи и индикатори за следење. 2) Детален опис на компонентите на матрицата кои даваат упатство за нејзиното користење 3) Оперативна рамка за оптимално спроведување на законот. 4) Формати за

следење и известување кои нуди предлози за извештаи од страна на надлежните институции. Од оваа рамка во 2015 ќе биде продуциран извештај за спроведувањето на Законот. На тој начин директно придонесовме за подобрување на имплементацијата на законот обезбедувајќи алатка за следење на овие процеси. Во соработка со ЕЦНЛ и релевантните институции се разви Упатство за спроведување на законот што е од особена корист за неговите корисници и ќе ја олесни неговата примена. Во соработка со ЕЦНЛ беа развиени и коментари на Законот коишто ќе се користат за застапување за идни измени на законската рамка. Овие публикации ќе бидат продуцирани во 2015та. Во 2014 работевме и директно со институциите. Така, беа одржани 6 консултативни средби со релевантни институции за спроведување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности во чии рамки беше обезбедена и техничка поддршка.

## Паметно донирање со даночни ослободувања

Даночните ослободувања се важен мотив за донаторите. Истите се овозможени со користењето на Законот за донации и спонзорства. Во 2014 почнавме да ставаме сè на едно место за да олесниме на оние што сакаат да користат даночни ослободувања. Секако истовремено сакавме да објасниме колку е важно стратешки и обмислено да се донира, па така ја создадовме и www.donirajpametno.mk Оваа интернет платформа што содржи: 1) интернет алатки и потребни ресурси за корисниците на Законот за донации и спонзорства; 2) Препораки за донатори за стратешко донирање; 3) Препораки за ГО за мобилизирање




локални ресурси; 4) Интернет систем со можност ГО и граѓани да постават прашање и да добијат релевантен одговор. Интернет платформата ќе се надградува континуирано.

Застапувајќи за даночни олеснувања и за индивидуалните донатори, во 2014 подготвивме предлог за измена на годишната даночна пријава „ПДД-ГДП“ и компаративен преглед на законски решенија од други земји подготвен од ЕЦНЛ. Овие активности се реализираа во рамки на проектот Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на граѓанските организации финансиран од ЕУ. Нашите проектни партнери од Центарот за даночна политика се надоврзаа во овие напори креирајќи Анализата на трошоци

и придобивки од даночните поттикнувања во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности што покажа дека од даночните ослободувања има повеќе корист отколку трошок за Буџетот.

**Посетете ја интернет платформата**
[www.donirajpametno.mk](www.donirajpametno.mk)

Таму ќе најдете:

- Целосна поддршка за примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (урнеци, формулари, калкулатори на даночни бенефиции и сè што ви е потребно);
- Примери и идеи за примена на концептот на паметно донирање;
- Можност да поставите прашање и да добиете одговор од експерт и од бизнисмен;
- Ресурсни материјали и публикации.

## Истражување

За да имаме прецизна слика, во 2014, спроведено е истражување на ставовите и верувањата и практиките за прибирање на ресурси и соработка помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор. Истото е од национално значење вклучувајќи репрезентативен примерок на испитаници. Квалитативната компонента на истражувањето опфаќа: 15 полу-структуирани интервјуа со претставници на бизнисот и 17 со претставници на ГО, како и 2 фокус групи. Квантитативниот дел вклучува спроведување на прашалник на којшто се прибавени одговори од 459 претпријатија и 144 ГО. Истражувањето го спроведе ДеСо. Ова истражување ни беше многу важно за нашите активност да бидат дизајнирани согласно потребите на терен и ставовите што ги имаат граѓанските организации и бизнисите. Истражувањето ќе се објави во 2015, а беше реализирано во рамки на проектот Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на граѓанските организации финансиран од ЕУ.

## Градење на капацитетите на ГО

Подигнувањето на капацитетите за тоа како граѓанските организации да прибираат средства од локалната заедница е многу важен дел од нашата работа. Во 2014 несебично почнавме да го споделуваме нашето знаење со секторот на којшто му припаѓаме. Се одржа работилница наменета за мобилизирање ресурси од бизнис секторот. Работилницата се одржа во Скопје во ТЦЦ Гранд Плаза на 19.12.2014. Беше кренат капацитетот на 33 претставници на ГО од Скопје и Куманово за тоа како да бидат доверливи партнери во мобилизирањњето на локални ресурси. Во 2015 ќе се одржат уште три работилници од овој тип во Струмица, Битола и Тетово. За време на работилницата претставниците на ГО имаа можност да добијат директен совет од експерти и претставник на бизнис секторот за како да го подобрат пристапот кон корпоративните донатори.





## Донаторски календар




Не треба многу за да се биде филантроп! Нашиот донаторски календар во соработка со Теа Модерна беше објавен на почетокот од 2014та како подарок за сите оние што сакаат на направат нешто добро во текот на годината. Редовно го користевме како потсетник со идеи за индивидуални филантропи споделувајќи го на социјалните мрежи и блогот на Конект. Пренесовме 12 убави идеи за секој месец промовирајќи околу 12 граѓански организаци како одговорни приматели. Целта на донаторскиот календар е да покажеме дека со одвојување на малку средства и време, секој од нас може да направи промена. Прочитајте го донаторскиот календар за 2014 на следниот <<линк>> и донирајте.

## IV. Застапување за промени во даночната регулатива за ГО

Ефективниот и долгорочен развој се дел од нашата мисија, па затоа работиме и на поволна околина за развивање на силно граѓанско општество. Даночните политики се од особена важност за креирање на овозможувачка рамка за одржливост и развој на граѓанските организации. Во оваа насока Конект почна иницијативата за подобрување на даночната рамка за ГО. Иницијативата е поддржана од Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ) преку LEEP (Legal Enabling Environment Program) финансирана од УСАИД. 39 претставници на граѓански организации активно учествуваа на Јавна расправа за даноците што го засегаат граѓанскиот сектор што Конект ја одржа на 27.06.2014 во Дуна Клуб на новинари, Скопје. За време на настанот се посочија приоритетните измени во даночното опкружување на граѓанските организации насочени кон иден развој на секторот и се дефинираа идни планови за застапување и лобирање во оваа насока.

По ова, следуваше формулирање на конкретни амандмани од страна на г. Борче Смилевски од Центарот за даночна политика. Амандманите се фокусирани на: а) ослободување од плаќање на персоналниот данок на доход за патните трошоци за учесници и претставници на организацијата (кои не се вработени во организацијата) на конференции, обуки и сл. и б) промена на третманот на здруженијата и фондациите во законот за данок на добивка. Кон дописот беа приложени амандманите поддржани од 22 ГО како и соодветна аргументација во форма на анализа на фискалните импликации.



Амандманите ги поддржаа 22 граѓански организации. Во септември 2014, предлог амандманите беа доставени до Генералниот секретаријат на Владата на РМ, како и до сите 95 пратеници во Собранието од коишто беше побарано да иницираат измени. Дополнително беа одржани средби со претставници на ЕУ и со засегнатите институции. Амандманите беа препознаени како значаен придонес за понатамошни измени на регулативата на што Конект ќе продолжи да работи.

## V. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

### Училишен проект на ЕВН Македонија

Веќе осма учебна година во континуитет се спроведува Училишниот проект на ЕВН Македонија што го координира Конект, а се имплементира од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) од Скопје, Младински совет Охрид, Жетва на знаење од Прилеп и Еколошко друштво Планетум од Струмица. Проектот е доказ за тоа дека поврзувањето на ресурсите и целите на претпријатието, во синергија со знаењето и поврзаноста на невладиниот сектор со заедниците, поттикнува позитивни промени во општеството. Во прамки на проектот до сега без малку 36.000 ученици низ земјава го зголемија своето знаење за: електричната енергија; различните видови и извори на енергија; мерките за заштита; потребите и начините за штедење на електрична енергија итн. Дополнително, проектните активност овозможуваат учениците да го применат здобиеното знаење за да ја зголемат свеста во нивните заедници преку обмислување и спроведување на кампањи за штедење на електрична енергија.

**Постигнувања**

Учебна 2013/2014
- Формирани **12** секции во основни училишта од **8** општини;
- Инволвирани **295** ученици

Учебна 2014/2015
- Формирани **12** секции во основни училишта од **12** општини
- Инволвирани **257** ученици

Согласно спроведена евалуација, во 2014 се обнови курикулумот и следствено се креираа нови проектни материјали што ги користеа секциите формирани низ Македонија. Во учебната 2013/2014 и 2014/2015 летниот камп прерасна во летна школа со се продолжи да се развива средношколската компонента на проектот кој воспитува генерации што грижливо се однесуваат кон својата околина.





## Работилница за ООП и стандардот ISO 26000

Следејќи ги најновите трендови во ООП и во менаџмент системите Конект во соработка со D2EM Консалтинг на 18.02.2014 во Хотел Град Плаза, во Скопје одржа еднодневна работилница на тема: Како до поголем имиџ и профит преку општествена одговорност и „Balanced Scorecard"?

16 претставници од бизнис секторот, се стекнаа со знаење а „Balance Scorecard" методологијата на стратешко планирање и како таа се поврзува со општествената одговорност. Во овој контекст, акцент беше ставен на имплементација на стандардот ISO 26000: Водич за општествена одговорност. ООП беше разгледувана директно од бизнис аспект како неодминлив дел од бизнисот.






## Јавната политика и бизнис секторот

Начинот на кој бизнис секторот се вклучува во во креирањето на јавните политики е важен сегмент на општествената одговорност. Градењето на капацитетите на бизнисите, а особено на стопанските комори и бизнис здруженијата како нивни застапници, претставува неопходност за соодветен јавно-приватен дијалог во процесот на креирање политики. Во рамки на проектот IDEAS на УСАИД, Извршната директорка на Конект во 2014 ја понуди својата експертиза и искуство во доменот на застапување. Одржани се 3 дводневни обуки за над 25 претставници на стопанските комори и организациите на работодавачи во Македонија да креираат и застапуваат за предлог политики. Дополнително, на работните групи им беше понудена и менторска поддршка во изготвување на анализа и нацрт-предлог политики за теми поврзани со правната рамка за практикантство, инвестиции од дијаспората и ликвидноста на македонските компании. Ваквите вештини претставуваат основна алатка во процесот на застапување и дијалог за политики со јавниот сектор.

Конект одржа и тридневна обука за застапување и лобирање на бизнис секторот во рамки на ИПА проект за прекугранична соработка за подобрување на бизнис соработката во прекуграничните региони Македонија - Албанија спроведуван од Сојузот на стопански комори на Македонија. На обуката учествуваа околу 30 претставници на компании и на одделенијата за локален економски развој од општините во Полошкиот регион.

## VI. Бизнис што работи за општествено добро

Во 2014 работевме на проектни дизајни за развој на социјалното претприемништво како гранка од економијата посветена на непрофитни цели. Стартуваше истражувачкиот проект „Предизвици и можности за вработување на маргинализирани групи во социјални претпријатија" финансиран од Програмата за промоција на регионално истражување за западен Балкан (RRPP), а спроведуван од Реактор во партнерство со Конект и Паблик од Македонија, Партнерс Албанија и Центарот за мир и толеранција од Косово. Проектот ќе изврши мапирање на состојбата со социјалното претприемништво во трите земји и нивните потенцијали за вработување и вклучување маргинализирани групи, а ќе се вклучи и во активности за застапување за поставување на поволна законска рамка и јавни политики во овој домен. Првите резултати од проектот ги очекуваме во 2015 година.

## VII. Нов прирачник за основање бизнис и вработување

За потребите на проектот „Воспоставување на бизниси во мултиетнички средини" поддржан од Британската амбасада во Скопје, во 2014 развивме Прирачник за мерките на Владата на РМ за поттикнување на вработувањето и претприемништвото Македонија. Тој има за цел е да им помогне на невработените лица и новоформираните бизниси оптимално да ги искористат државните мерки за поддршка што им стојат на располагање. Бројот на мерките е голем и шаренолик па многу често потенцијалните корисници, особено оние од руралните средини и ранливите групи, не успеваат да дознаат за сите мерки кои им се на располагање. Поради ова, прирачникот се стреми на едно место да понуди информации за сите мерки им стојат на располагање. Притоа, податоците се прикажани на структуриран начин кој го олеснува користењето, административната процедура е прикажана низ чекори, а обезбедени се и дополнителни совети и контакти. Содржината беше развиена низ методологија којашто обезбеди вклучување на искуства од корисниците и од оперативното администрирање во надлежните институции.




Содржината на прирачникот е достапна и во интернет форма којашто нуди многу едноставно пребарување.

## VIII. Конект поврзува

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење на вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка.

### Посредување за партнерства и соработка со ГО

Партнерствата и соработките што ги поттикнавме во 2013 (види Годишен извештај на Конект за 2013 стр. 10-11) продолживме да ги следиме и во 2014. Соработката помеѓу на Кризен центар „Надеж“ и Ре-Медика продолжи. Тие одржа две еднодневни едукативни работилници за медицинскиот персонал на Ре-медика со цел зајакнување на капацитетите за справување со насилството врз жените и семејното насилство. Дополнително, компанијата во 2014 година обезбеди нефинансиска донација шелтер центарот на „Надеж“.



Продолживме да соработуваме и со Лице в Лице. Во 2014 редовно Во рамки на уличниот магазин Конект придонесува со креирање содржини на теми што се поврзани со општествената одговорност и филантропијата. На тој начин, низ петте издадени броја, успеавме да информираме и да ја кренеме свеста на околу 11.000 граѓани. Продавачите на Лице в Лице се редовни гости во Конект и на сите настани што ги одржавме во 2014 со цел да ја поттикнеме продажбата и видливоста.

## IX. Го шириме кругот

Размислуваме за глобални проблеми и градиме соработка на регионално и меѓународно ниво. Со споделување се здобиваме со нови идеи и ги шириме нашите искуства и знаење. Тоа го правиме преку мрежите на коишто сме носители и членки, но и со директни активности за размена.

### CSR Forum Belgrade

Во организација на Смарт Колектив од Србија и Форумот на бизнис лидерите, во Белград на 16ти декември се одржа петтата конференција за општествена одговорност на претпријатија „ООП Форум“ . Учествуваа 280 претставници на компании, државни институции, донаторски организации, граѓанскиот сектор, социјални претпријатија и др. Се водеше дискусија за вклученоста на врвниот менаџмент во ООП активности, врската меѓу маркетингот и ООП, известувањето за ООП, соработката меѓу класичните бизниси и социјалните претпријатија и сл. Се споделија искуства од различни земји и се разгледуваше можноста за нивна примена и адапрација.



Во изминатите години активностите во областа на ООП во регионот бележат раст и развој, но стратешкото планирање и имплементација на ООП сѐ уште е предизвик за бизнис секторот. Од друга страна компаниите се сѐ повеќе едуцирани во областа и јасно им е дека ООП не е само дополнителен трошок. За да се направат промени на пазарот и во општеството неопходна е соработка помеѓу повеќе чинители и различни сектори. Ова се заклучоците од панел дискусијата за добри примери, трендови и предизвици во ООП во регионот на којшто учествуваше Извршната директорка на Конект.

За останатите активности на Конект на глобално и регионално ниво може да дознаете во следното поглавје.

## X. Глобален договор на Обединетите нации

Глобалниот договор на обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот. Конект е секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации.

### Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2014 Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Описот на горенаведените активности во најголем дел се поврзани со поттикнување на општествената одговорност и активно вклучување на бизнис секторот во непрофитни цели. Подолу се изнесени активности поврзани со работата на Конект како Секретаријат на мрежата.

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права,трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи.*

*Дел од идентитетот на Конект стана тоа што е Секретаријат на македонската мрежа на глобалниот договор. Нѝ претставува чест што ги координираме активностите на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој.*

*Преку своите активности во изминатите десет години, Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење. “*

**Никица Кусиникова**
*Извршна директорка на Конект*
*Контакт лице на Македонската мрежа на ГД*

**<u>Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција</u>**

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата годинава одбележа јубилеј од 10 години работење. Сочинета е од 48 компании, граѓански организации и други членови од кои 20тина со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките; поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

Во 2014 Македонската мрежа на глобалниот договор на ОН ја имаше честа да биде организатор и домаќин на **годишнната Средба на европските мрежи на Глобалниот договор** на ОН што се одржа од 28ми до 30ти октомври 2014 година во Скопје. Средбата беше организирана од Конект во својство на Секретаријат на мрежата.

На 28.10.2014 во Хотел Холидеј Ин се одржа меѓународна Конференција со наслов: *Општествената одговорност - услов за конкурентен и одржлив бизнис.* Конференцијата беше отворена со обраќања на: Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Постојан координатор на ОН во земјата, Раководител на локалните мрежи на ГД од седиште на Глобалниот договор на ОН во Њу Јорк, Национолниот претставник и Контакт лицето на Македонската мрежа на ГД. Специјален гостин говорник беше Д-р Јилмаз Аргуден, Претседавач со Советодавната група на локалните мрежи на ГД и Член на Одборот на ГД на ОН.






Конференциските сесии беа посветени на три прашања поврзани со ООП, клучни за регионот: 1) влијание преку одговорен синџир на снабдување (responsible supply chain); 2 ) ООП со ограничени ресурси и 3) значењето на известувањето за ООП. Говорници во рамки на сесиите беа реномирани претставници на европските мрежи на ГД. Овој настан претставуваше најголемата меѓународна конференција посветена на општествена одговорност што е одржана во Македонија. На конференцијата учествуваа 140 претставници на институции, меѓународната заедница, бизниси, непрофитни организации и академски установи од вкупно 21 земја.

Во рамки на останатите два дена на средбата учествуваа 20 воспоставени и потенцијални мрежи во Европа од Австрија, Азербејџан, Белорусија , Белгија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Косово, Македонија, нордиските земји, Русија, Србија, Турција, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка, Швајцарија, и Шпанија. На средбите мрежите беа информирани за најновите случувања од седиштето на ГД во Њу Јорк, учествуваа на специјализирани работилници и дискутираа за тековни прашања поврзани со развојот на мрежите.





Поддршка за организација на конференцијата и средбата беше обезбедена од членките на Мрежата (ЕВН Македонија, Цементарница Усје, Ре-Медика, Фени Индустри, Адора Инженеринг, Фармахем и Дониа) и од Националниот совет за претприемништво и конкурентност. Комуникацијата во врска со конференцијата беше спроведена со корпоративно волонтирање на ImagePR, а медиумски покровители на конференцијата беа: Капитал и Лице в лице.

**Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор**



Ги поттикнуваме членките да обмислуваат заеднички проекти и активности. Во 2014 мрежата беше посветена на соодветна организација на годишнната Средба на европските мрежи на Глобалниот договор во што се вклучи и Советодавниот одбор на Мрежата. Дополнително, се пристапи кон мапирање на потенцијални соработници од образовните институции со цел промоцијата на ООП и десетте принципи на ГД.

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности. Нашите активности (*погледнете го делот III од овој извештај*) директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства беа поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително во своите активности за едукација на бизнис секторот (*види стр. 12*) секогаш се вклучени и аспектит поврзани со Глобалниот договор на ОН.

Дополнително, во својство на Секретаријат на Мрежата во 2014 започнавме иницијатива за составување на колекција на добри практики на членките на мрежата со цел поттикнување на размена на искуства.

**Обезбедување на коментари на Известувања за напредокот**

Редовно стоиме на располагање на членството за коментари и совети во врска со известувањето. Во 2014 обезбедивме поддршка во пишувањето на 4 извештаи. Редовно потсетуваме во врска со крајните рокови и ја нудиме нашата поддршка за обновување на членството во иницијативата.

**Учество на настани на Глобалниот договор**

Датум: 3-7 февруари 2014
Настан: Размена на контакт лица на мрежа на Глобалниот договор на Обединети нации
Место: Аргентина
Белешка: Во рамки на средбите за размена на искуства учествуваа контакт лицата на мрежите од Аргентина, Албанија, Норвешка и Македонија, како и претставници на Канцеларијата на ГД од Њу Јорк.

Датум: 07 април 2014
Настан: Форум на мрежи на глобалниот договор на Југоисточна европа
Место: Бугарија, Софија

Белешка: На настанот Контакт лицето на Мрежата, Никица Кусиникова презентираше добри практики на Македонаката мрежа. Учествувсс Виктор Мирчевски од Секретаријатот на Македонската мрежа – Конект и г. Горан Лазаревски, Национален претставник на Мрежата

